Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7396/30
8 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

3664.

Врз основа на член 38-а став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 ноември 2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2023 ДО 2025 ГОДИНА

1. Со оваа програма се определуваат средствата потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници заради побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај за периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2025 година во вкупен износ од 312.420.000,00 денари.

2. Финансиската поддршка од точка 1 на оваа програма се доделува согласно намените утврдени во член 38-а став (1) од Законот за воздухопловство.

3. Определувањето на финансиската поддршка од точка 1 на оваа програма се врши на начин и според критериуми утврдени согласно прописот од член 38-а став (5) од Законот за воздухопловство.

4. Средствата од точка 1 на оваа програма за 2023 година ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 130.01 – Министерство за транспорт и врски, потпрограма 20 – Сообраќај и комуникации, ставка 464 – разни трансфери во износ од сто и четири милиони и сто четириесет илјади (104.140.000,00) денари.

5. Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2024 година во износ од сто и четири милиони и сто четириесет илјади (104.140.000,00) денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

6. Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2025 година во износ од сто и четири милиони и сто четириесет илјади (104.140.000,00) денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

7. За спроведувањето на оваа програма ќе се грижи Министерството за транспорт и врски.

8. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 41-7645/10
8 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

3665.

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22) министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТРГОВИЈА И ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ПРОДАЖЕН ИЛИ ДРУГ ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на пријавата за исполнување на минимално-техничките услови за вршење на трговија и започнување со работа на продажен или друг деловен објект („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/22), Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2 кои се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-3738/3
16 ноември 2022 година
Скопје

Министер за економија,
Крешник Бектеши, с.р.